# 10 Факти Што Треба Да Ги Знаете За Програмата За Бонови За Храна

**Факт**: Програмата за бонови за храна не е програма за социјална помош.Тоа е програма за помош во исхраната основана за да им помага на поединци и на семејства што имаат мали приходи да купуваат и да се хранат со квалитетна храна.

**Факт**: Програмата за бонови за храна е програма на која што се добива право. Со други зборови, секој што ќе се пријави за програмата и за кој што ќе се одреди дека ги исполнува условите добива бонови за храна.

**Факт**: Боновите за храна им се даваат на поединци и на семејства што ги исполнуваат условите, односно постари лица, инвалидизирани лица, домаќинствата чии членови се вработени, одредени легални имигранти и нивните деца родени во САД.

**Факт**: Некој може да поседува или да купува куќа, а сепак да добива бонови за храна. Куќите и нивните плацеви не се сметаат за ресурс во Програмата за бонови за храна. Програмата за бонови за храна не подразбира дека лицето треба да се откаже од својата куќа.

**Факт**: Во 2000 година постарите лица што живеат сами добиваа просечно по 43 долари месечно, а постарите лица што не живеат сами добиваа просечна помош од 118 долари месечно.

**Факт**: Ако некое постаро или инвалидизирано лице не е во состојба да отиде во канцеларијата за бонови за храна, може да побара телефонски разговор. Лицето исто може да замоли некој роднина, свештеник, сосед и сл. да присутствува на разговорот како овластен претставник. Кандидатите и примателите на Дополнителениот приход за обезбедување на семејство (Supplemental Security Income - SSI) исто така може да конкурираат за добивање бонови за храна во Канцеларијата за социјално осигурување.

**Факт**: Медицинските трошоци поголеми од 35 долари месечно може да се одбијат од вкупниот приход на домаќинството доколку истите не ги плаќа некоја осигурителна компанија или некој што не е член на домаќинството. Се одбиваат износи поголеми од 35 долари.

**Факт**: Горната граница на ресурсите за домаќинствата со постаро лице или на домаќинствата со инвалидизиран член се 3000 долари. Горната граница на ресурсите за сите други домаќинства е 2000 долари.

**Факт**: Вашето домаќинство може да прима бонови за храна, а сепак да добива оброци доставени во Вашиот дом (Meals-on-Wheels) ако сте инвалидизирано или постаро лице, помош од Специјалната програма за дополнителна исхрана на жени, бебиња и деца (Special Supplemental Nutrition Program for Women, Infants and Children - WIC) и помош за исхрана на децата, на пример од Програмата за училишен ручек (School Lunch Program).

**Факт**: Добивањето на помош од Програмата за бонови за храна не значи дека домаќинствата со легални имигранти потпаѓаат под Јавен трошок.

***Боновите за храна ја прават Америка посилна.***

*УСДА (United States Department of Agriculture – USDA) не врши дискриминација при давањето услуги и вработувањето.*